**Образложение кон неревидираниот консолидиран и посебен Биланс на успех за период 01.01-30.09.2022 година**

**Консолидиран финансиски резултат**

Консолидираната оперативна добивка за периодот од 1 јануари 2022 година до 30 септември 2022 година изнесува 51.391.911 денари. Оперативните приходи изнесуваат 904.790.621 денари и се зголемени за 0,3%, а оперативните расходи изнесуваат 849.313.930 денари и бележат зголемување од 8% во однос на истиот период претходната година.

Консолидираните приходи од продажба се намалени за 1% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба по географски сегменти:

- Приходите од продажба на странски пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 66% (2021: 63%) се зголемени за 4%,
- Приходите од продажба на домашен пазар се намалени за 9% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба по деловни сегменти:

- Приходите на продажба на сегмент фармација бележат зголемување за 2% во однос на минатата година,
- Приходите на продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги се намалени за 18% во однос на минатата година.

Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 44.591.146 денари и бележи намалување од 69% во однос на истиот период минатата година, поради зголемени трошоци за електрична енергија, амортизација и трошок за вработени.

Во консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година кредитното задолжување е намалено за 28.682.766 денари, односно на 30 септември 2022 година изнесува 160.653.059 денари (на 31 декември 2021 година изнесува 189.335.825 денари).

За период од 01.01-30.09.2022 година, прометот на групациско ниво бележи реализација од 84% во однос на планираниот.

**Неконсолидиран финансиски резултат**

Реплек АД Скопје во периодот од 1 јануари 2021 година до 30 септември 2022 година оствари неконсолидирана добивка пред оданочување во износ од 65.403.735 денари и бележи намалување од 9% во однос на истиот период минатата година. Остварената добивка пред оданочување во најголем дел произлегува од евидентираните приходи од вложувања во поврзаните субјекти во износ од 80.315.493 денари што претставува дел од остварениот резултат на поврзаните субјекти во 2021 година (претходната година е извршена распределба на дивиденди од поврзаните субјекти на износ од 76.000.000 денари од остварениот резултат во 2020 година).

Во поединечните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година кредитното задолжување е намалено за 11.714.281 денари, односно на 30 септември 2022 година изнесува 36.444.442 денари (на 31 декември 2021 година изнесува 48.158.723 денари).

Реплек АД Скопје изврши целосен пренос на уделот (45%) кој го поседува во Друштвото за производство, трговија и услуги РХ ФАРМА ДОО Скопје кон содружникот.

**РЕПЛЕК АД**

Козле 188, 1000 Скопје, МК +389 2 3081 343 info@replek.mk www.replek.mk